ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ – КУМАНОВО-ГАС КУМАНОВО
NDERMARRJA PUBLIKE KUMANOVE-GAZ KUMANOVE

КУМАНОВО

Р А Б О Т Н А П Р О Г Р А М А
З А 2016 ГОДИНА

Декември 2015 година

Содржина:

1.Основни податоци за претпријатието.....2

2.Програмски активности за 2016 година.....3

3.Планирани финансиски средства.....6

1.Основни податоци за претпријатието

- ЈП „Куманово – Гас” Куманово е јавно претпријатие основано за вршење на дејности од јавен интерес во областа на изградба на инфраструктурни објекти, дистрибуција и снабдување со природен гас
- Година на основање : 2006 година
- Адреса: ул.Братство и единство бр.20,Куманово
- Тел. + 389(0)31/425-701,Факс: 031/433-331
- www.kumanovogas.com.mk; e-mail: kumanovogas@t.mk
- Основач: ЕЛС Општина Куманово
    - Директор: дипл.правник Драган Петровски

2.Програмски активности за 2016 година

Програмските активности во 2016 година ќе бидат поврзани со дејностите за кои е регистрирано претпријатието – изградба на инфраструктурни објекти, дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција и снабдување на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција.

Програмата за работа на претпријатието и во 2016 година се засновува на средства добиени од основачот - Локална самоуправа на Општина Куманово, средства добиени со наплата на такса за приклучување на корисниците на дистрибутивниот гасоводен систем, средства добиени од дејностите дистрибуција и снабдување на природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција.

Активности кои се планираат во 2016 година

2.1.Согласно основниот проект за дистрибутивна гасоводна мрежа на град Куманово во 2011 година започната е изградба на секундарна полиетиленска гасоводна мрежа за централното градско подрачје. Изградбата на оваа гасоводна мрежа продолжува и во 2016 година. Должината на секундарната гасоводна мрежа предвидена со овој проект изнесува околу 22000 метри и се предвидува истата да се гради со полиетиленски цевки со пречници од Ø 25 mm до Ø 180 mm.

За наредната година се предвидува изградба на околу 4000 метри делници од дистрибутивната мрежа и тоа на ул. Перо Чичо, ул.Цар Самоил, ул. Партизанска, ул. Титова Митровачка, ул. Треска, ул. Јоско Илиевски, ул. Васко Карангелевски, ул. Моша Пијаде и ул. Авној. Погоре наведените улици се предвидени и во програмата за обнова и реконструција на канализациона мрежа на град Куманово и поради тоа се планира паралелна градба со гасоводната мрежа.

На наведените делници се предвидува да се изградат околу 250 приклучоци на мрежата.

За завршување на овие градежно монтажерски работи неопходно е да се спроведат следните активности:

- Ископ на ров за положување на гасоводен цевковод и враќање во првобитна положба на 4000метри ископан ров.

-Набавка, поставување и заварување на 4000 метри полиетиленски цевки и црева за дистрибутивен гасовод.

- Набавка и монтажа на спојни елементи за електрофузионо заварување на полиетиленски цевки и црева.

-Набавка на запорни органи за делници од дистрибутивна гасоводна мрежа.

-Набавка и монтажа на опрема за приклучоци (мерно регулациони сетови) на корисници на природен гас.

Освен погоре наведените приклучоци кои ќе се градат на ново изградената мрежа во 2016 година се планира изградба и на приклучоци на мрежа која е изградена во претходните години. Зависно од интересот на граѓаните и правните лица ќе се изврши нивно приклучување на мрежата. Во овој период околу триесетина индивидуални физички и правни лица доставиле барање за приклучување кои во наредната година со потпишување на договори за приклучување ќе бидат приклучени. Од поголемите потрошувачи кои поднеле барање за наредната година се: Затворен базен Куманово, Колективна станбена зграда на ул.Моша Пијаде (Ранпроизвод) со 120 станбени единици , три колективни станбени згради во изградба ул. Октомвриска Револуција со околу 90 станбени единици и Пошта АД Куманово.

2.3 На изградената гасоводна мрежа во град Куманово потребно е да се извршат активности за нејзино одржување и по потреба санација.За таа цел во 2016 година на челичниот цевковод потребно е да се изврши контрола односно мерења на катодната заштита на цевководот од аспект на нејзината функционалност за заштита на цевководот од корозија. Во случај на неисправност инсталациите на катодната заштита ќе бидат спроведени дополнителни активности за поправка и ставање во употреба на истата. Исто така потребно е да се изврши контрола на сите попатни распредителни шахти на гасоводната мрежа во однос на непропустливост.Во случај на губитоци на природен гас на одредени места во распредителните шахти ќе биде извршена набавка и монтажа на потребни елементи за санација на шахтите.

Исто така во наредната година во однос на одржување на дистрибутивниот гасоводен систем потребно е да се изврши проверка а по потреба и замена на делови од мерно регулационите станици бидејќи истите се во функција неколку години. За таа цел ќе се изврши превентивна набавка на одредени елементи од станиците во случај на дефект бидат заменети во најбрз можен рок.

2.4. Во наредната година потребно е да се изврши верификација односно баждарење на мерните уреди за отчитување на природен гас предаден на потрошувачите. Согласно законските одредби верификацијата на мерните уреди се спроведува секои 5 (пет) години. Поради непостоење на овластена институција за проверка на исправноста на мерните уреди за природен гас на територија на Република Македонија истите се испитуваат и верифицираат во соседните држави во присуство на овластени лица од Биро за метрологија при Министерство за екологија и просторно планирање.

2.5.Во 2016 година очекуваме ГА-МА АД Скопје да изгради нова Мерно регулациона станица во Индустриска зона на градот и тоа на локација во касарната Х.Т.-Карпош за потребите на претпријатието. За ова веќе е поднесено барање од наша страна и очекуваме изградбата на МРС заедно со приклучокот на магистралниот вод да биде завршена во текот на 2016 година.

2.6. Изготвување на проектна документација фаза геодетски елаборати, инфраструктурни и основни проекти, за изградба на гасоводна мрежа за сите реони од градот кои не се опфатени со досегашната проектна документација.

2.7.Изготвување на прирачници за користење на природен гас во домаќинствата, како и материјали за пропагирање на предностите за користење на природниот гас.

2.8. За потребите за монтажа на полиетиленските цевки и за куќни мерно – регулациони сетови ќе биде набавена потребна опрема која опфаќа апарат за електрофузиско заварување како и алати за монтажа на мерно регулациони сетови. За кадрите кои ќе вршат монтажа на полиетиленските цевки и мерно - регулациони сетови ќе биде обезбедена потребна обука од релевантни институции во Република Македонија и произведувачи на опрема.

2.9.При Институтот за стандардизација на РМ функционира Работен комитет за гасна техника во кој има претставник од претпријатието и во рамки на кој се донесени стандарди од оваа област. Во наредната година очекуваме да продолжат овие активности со кои ќе се дефинира работата во оваа област во Република Македонија. Како пионери во дистрибуција на природен гас заокружувањето на

потребните стандарди и правилници се донесуваат на наша иницијатива.

3.0. Врз основа на Одлука за зголемување на основна главнина на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „Куманово-Гас“ Куманово бр.02-133/1 од 06.08.2007 година треба сукцесивно да ни бидат дадени остатокот од средствата и истите сукцесивно ке бидат запишани како капитал на јавното претпријатие.

3.Планирани финансиски средства

3.1.Во 2016 година ЈП"Куманово-Гас"Куманово ќе располага со средства добиени од основачот - Локалната самоуправа на Општина Куманово,средства добиени со наплата на такса за приклучување на корисниците на дистрибутивниот гасоводен систем, средства добиени од дејно стите дистрибуција и снабдување на природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција.

- Средства добиени од Буџет на Општина Куманово за инвестициони активности _____15.619.201,00 ден.

- Средства добиени со наплата на такса за приклучување на корисниците на диструбутивниот гасоводен систем, средства добиени од дејностите дистрибуција и снабдување на природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на систем за дистрибуција_____7.674.250,00 ден.

-Вкупно планирани приходи _____23.293.451,00 ден.

3.2.Расходите за 2016 година се планирани за инвестициони активности како и минимални средства за тековната работа на ЈП"Куманово-Гас"Куманово.

1	Материјални трошоци	300.000,00
2	Нематеријални трошоци	693.240,00

3	Бруто плати и надоместоци	6.000.000,00
4	Обврска на нето и персонален на членови на управен и надзорен одбор	500.000,00
5	Амортизација	830.000,00
	ВКУПНО	**8.323.240,00**

- Во материјални трошоци се подразбираат трошоци за основни материјали, енергија, транспортни трошоци, ситен инвентар, резервни делови, набавка на апарати за електрофузионо заварување и услуги од материјален карактер.
- Во нематеријални трошоци спаѓаат патните трошоци, трошоци за репрезентација, трошоци за осигурување, банкарски услуги, одржување и санација, верификација и баждарење,трошоци за спроведување едукација и обука, проектна документација,трошоци за телефонски услуги И интернет осигурување итн.

Во 2016 година се планираат следниве инвестиции:

1. **Нетековни вложувања**:

- **Материјални вложувања**

* Ископ на ров за положување на дистрибутивен гасовод и враќање во првобитна состојба_____ **8.000.000.00 ден.**
* Набавка на полиетиленски цевки и црева за дистрибутивен гасовод_____**1.200.000.00 ден.**
* Набавка на елементи за спојување на полиетиленски цевки на дистрибутивна мрежа_____**200.000.00 ден**.
* Набавка на запорни органи за делници од дистрибутивна мрежа_____**200.000.00 ден.**
* Положување и заварување на полиетиленски црева И цевки на дистрибутивна мреж_____ **400.000,00 ден.**
* Набавка и монтажа на приклучоци на потрошувачи на природен гас_____**5.000.000,00 ден.**

- **Нематријално вложување**

*Трошоци за промоција пропаганда и реклама_____619.201,00ден.

Вкупно потребни средства за инвестиции на ЈП"Куманово-Гас", Куманово во 2016 година_____ 15.619.201.00 ден.

Изготвиле:
Видан Алексиќ

_____

Никола Денковски
_____

Директор
ЈП „Куманово-гас“ Куманово

_____

Драган Петровски